## Доделување на дипломите и наградите по повод празникот,,Св.Климент Охридски‘‘

Сара Витанова, седмооделенка од ООУ „Лазо Трповски" е третонаградена за Меѓународниот литературен конкурс на тема „Книгите се бродови со кои пловиме низ времето“ и „Пријателството е светлина што сјае во твоето срце, кога е темно надвор“ што го организираше библиотеката „Другарче“ на 28.10.2020 г.по повод празникот „Св.Климент Охридски“. На конкурсот учествуваа основни училишта од Град Скопје. Сара ни се претстави со поезија. Ова е нејзината творба.

### Книгите се бродови со кои пловиме низ времето

Книгата е нешто свето,
чудо од кое се учи
нешто што те прави среќно,
кога си најтажен на светот.

Содржината те маѓепсува,
те носи во светови разни,
летајќи по небото,
преку интересни сказни.

Да ја земеш в раце
таа те повикува,
со магични зборови,
во душа ти слетува.

Разни светови да видиш,
со молба ти нуди,
и вешто, без грешка,
разни чувства буди.

Сара Витанова 7-б одд.

Нови награди, нови учества, нови задоволства. Шестооделенката од ООУ ,,Лазо Трповски“ од Скопје, Лара Станчева и овој пат наградена. Овој пат, таа учествуваше на Меѓународниот литературен конкурс на тема „Книгите се бродови со кои пловиме низ времето“ и „Пријателството е светлина што сјае во твоето срце, кога е темно надвор“. Лара е второнаградена за конкурсот. Организацијата беше под покровителство на библиотеката „Другарче“ на 28.10.2020 г. по повод празникот „Св.Климент Охридски“. Таа ни се претстави со поезија. Творбата е пишувана во нејзин стил на творење. Ова е нејзината песна.




**Книгите се бродови со кои пловиме низ времето**

Слушајќи го нежниот глас
На својата мила мајка,
Дечињата заспиваат
На страници од бајка.

Со тато пловиме по Нил ,
Таму фараонот царува,
Книгата на предците
знаење и мудрост ни дарува.

Книгата на дедо
Во минатото не носи,
Во светот да нема
Деца гладни и боси.

Бабината книга
Секој сака да ја слуша,

Како птица преселница се враќа

Да ни грее душа.

Пораснавме и мислиме научивме сè,

Но ете грешка се случи,

Затоа целиот живот

Ќе мора да се учи.

Лара Станчева 6-а одделение

Михаела Јосимовска, шестооделенка од ООУ „Лазо Трповски" е третонаградена за Меѓународниот литературен конкурс на тема „Книгите се бродови со кои пловиме низ времето“ и „Пријателството е светлина што сјае во твоето срце, кога е темно надвор“ што го организираше библиотеката „Другарче“ на 28.10.2020 г. по повод празникот „Св.Климент Охридски“. Михаела ни се претстави со проза. Ова е нејзиниот состав.



## ПРИЈАТЕЛСТВОТО Е СВЕТЛИНА ШТО СЈАЕ ВО ТВОЕТО СРЦЕ КОГА Е ТЕМНО НАДВОР

Пријателствата се големо богатство за секој човек. Колку повеќе пријатели, толку повеќе богатство. Има ли нешто поубаво од тоа да знаеш дека некој те сака, ти верува и е секогаш до тебе во добро и во лошо. Вистинскиот пријател е тој што плаче заедно со тебе во маката, ама и тој што се радува на твојата среќа.

Пријателството нема години, тоа секогаш се раѓа. Вистинските пријатели не прашуваат што ти е, го прават најдоброто за тебе. Дури и ако сакаш сам да се откажеш од себе и од своите проблеми, вистинскиот пријател не се откажува од тебе. Тој е со тебе во добро и во зло, во среќа и болка. Ги

бришете заедно солзите од тага, но и  солзите радосници. Пријателството е всушност светлина во тунелот. Пријателот успешно умее да те извади од темнината, да ти подаде рака , да ти каже убави зборови, да те пофали кога најмалку очекуваш, едноставно да те сака.

Пријателство е кога ќе отидеш кај другарката без покана, кога ќе го поделиш лебчето намачкано со мармалад , кога во играта ќе нема победник и губитник. Пријателство е кога слободно можеш да си ги кажеш проблемите и убавите работи на својот другар. Пријателство е кога ќе паднеш, а другарот ќе ти подаде рака да станеш , кога си среќен и ја делите среќата заедно, ете тоа е пријателство.

Пријателство е кога ќе можеш слободно да му ги отвориш портите на своето срце и на својата душа некому кого го нарекуваш пријател.

Тоа е богатство кое нема цена, не се купува и не се продава . Тоа само се негува како најубаво цвеќе. Пријателството е кога се сака без да очекуваш нешто за возврат , тоа е онаа светлина во твоето срце кога надвор е темно.

Михаела Јосимовска 6-б одделение

Голема чест и задоволство за доделувањето на дипломите и наградите кои се симбол на ,,Моќта на словото‘‘. Овие награди се во чест на Светецот македонски, сесловенски.

